РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE, DEMOGRAFISË DHE RINISË - SHKUP
Бр. / Nr. 03-1018/58
19.09.2024 20 год. / viti

Друштво за архитектонски дејности, надзор и инженеринг МБМ АРХИТЕКТИ ДООЕЛ
Бр. 0307-528
19.09.2024 год.
Скопје

**Анекс на Договорот за услуги за вршење на стручен надзор над доградба на објекти за детска градинка во Општина Гевгелија со број 02-388/11 од 05.10.2022 година**

1. Министерство за социјална политика, демографија и млади со седиште на ул. Даме Груев, бр.14 Скопје, претставувано од Министер Фатмир Лимани, во понатамошниот текст, „Договорен орган" од една страна, и
1. **Друштво за архитектонски дејности, надзор и инженеринг МБМ АРХИТЕКТИ ДООЕЛ, Скопје**, ЕМБС 7098391 со седиште на бул.АСНОМ бр.48 – 2/001, Скопје, претставувано од управителот Блашка Јакимовска Јованова (во понатамошен текст Носител на набавката).

**Член 1**

Договорните страни го склучуваат овој Анекс врз основа на член 22 од Договорот за услуги за вршење на стручен надзор над доградба на објекти за детска градинка во Општина Гевгелија со број 02-388/11 од 05.10.2022 година и број на Носителот на набавката 0307-700/1 од 21.09.2022 година и член 119 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија 24/19 и Службен весник на Република Северна Македонија 87/2021).

**Член 2**

Предмет на овој Анекс е изменување на одредбите од Договорот за услуги за вршење на стручен надзор над доградба на објекти за детска градинка во Општина Гевгелија со број 02-388/11 од 05.10.2022 година и број на Носителот на набавката 0307-700/1 од 21.09.2022 година за времетраењето на договорот.

Овој Анекс Договорот за услуги за вршење на стручен надзор над доградба на објекти за детска градинка во Општина Гевгелија со број 02-388/11 од 05.10.2022 година и број на Носителот на набавката 0307-700/1 од 21.09.2022 година за времетраењето на договорот се склучува по претходно доставено барање од Носителот на набавката за продолжување на рокот на договорот поради тоа што рокот на Договорот за доградба на детска градинка во Општина Гевгелија е продолжен со Анекс на договор за изведување на градежни работи за доградба на детска градинка во Општина Гевгелија, а согласно член 6 од Договорот за услуги за вршење на стручен надзор над доградба на објекти за детска градинка во Општина Гевгелија со број 02-388/11 од 05.10.2022 година и број на Носителот на набавката 0307-700/1 од 21.09.2022 година постои оправдана причина за продолжување на рокот на Договорот.

**Член 3**

Членот 5 од основниот договор се менува и гласи:

„Овој договор е со важност до 21.03.2025 година.“

**Член 4**

Согласно член 9 од основниот Договор, Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% (десет проценти) од вкупната вредност на Договорот, со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изведе работите кои се предмет на овој договор.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност од дополнителни 60 дена од рокот предвиден за целосно реализирање на договорот, односно до 21.05.2025 година.

**Член 5**

Останатите одредби од основниот Договор остануваат непроменети.

**Член 6**

Овој Анекс на Договорот за услуги за вршење на стручен надзор над доградба на објекти за детска градинка во Општина Гевгелија со број 02-388/11 од 05.10.2022 година и број на Носителот на набавката 0307-700/1 од 21.09.2022 година влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 7**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Министер,
Fatmir limani

Управител,
Блашка Јакимовска